Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Врз основа на член 7 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17 и “Службен весник на РСМ” бр. 97/19), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објавува

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ и ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ за избор на 16 членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите**

## I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ

Врз основа на Јавниот повик за избор на 16 членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите, објавен на 22 март 2021 година, на веб-страниците www.vlada.mk и www.nvosorabotka.gov.mk, во предвидениот рок (5.4.2021 година) пристигнати се пријави за 26 кандидати. Пријавата на Метаморфозис, Фондација за интернет и општество Скопје е пристигната по електронски пат.

Не е комплетна документацијата на: Здружение на граѓани – Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ Скопје (не е доставена копија од Тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, Статутот, Завршната сметка за 2020 година, Извештај за работа со цели, активности, резултати и извори на финансирање во последните три години, Биографија и Мотивациско писмо на кандидатот), Здружение Институт за социологија ДОБРО ОПШТЕСТВО Тетово (не е доставена копија од Тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата и Завршната сметка за 2020 година), Асоцијација за балкански алтернативен туризам – Балканија Скопје (не е доставена копија од Завршна сметка за претходната година (2020 година), туку за 2019 година) и Метаморфозис, Фондација за интернет и општество Скопје (не е доставен Извештај за работа со цели, активности, резултати и извори на финансирање во последните три години).

При административната проверка на пријавите се утврди дека пријавите на следните здруженија и фондации ги исполнуваат условите од Јавниот повик: Фондација Отворено општество, Македонски центар за меѓународна соработка, Организација Младинска Алијанса Тетово, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права Скопје, Здружение за истражување и анализи – ЗМАИ Скопје, Здружение Конект Скопје, Здружение на просветни работници на Град Скопје, Скопје, Фондација за образовни и културни иницијативи ЧЕКОР ПО ЧЕКОР Скопје, Здружение Мултиетничка организација за интернационални култури Мозаик-Меик

Скопје, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје, Коалиција на младински организации СЕГА, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, Скопје, Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености Велес, Коалиција сексуални и здравствени право на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје, Здружение за родова еднаквост ЕДНА МОЖЕ Скопје, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, Здружение на граѓани Центар за развој на земјоделие ЕКО ПРОДУКТ Тетово, Фондација за културна и научна афирмација и презентација Македонија презент – Скопје, ЈАДРО – Асоцијација на независна културна сцена, Здружение на граѓани за заштита на животната средина ЕКОЗВОН Скопје и Здружение на граѓани МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје.

## II. ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ
**за избор на членови на Советот за соработка со и равој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите**

Се повикуваат сите активни организации регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации, да го дадат својот глас **само за еден кандидат, во областа што е идентична со областа на дејствување на организацијата,** согласно нејзиниот статут.

Организациите не гласаат за кандидатот од својата организација.

Гласањето се врши со пополнување на **Образец за гласање**, достапен на следниот линк www.nvosorabotka.gov.mk и доставување на копија од **тековна состојба** од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата.

Сојузите регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации пополнуваат еден образец за гласање, што се смета за еден даден глас.

Организациите можат да поддржат само еден кандидат од следната **Листа на кандидати.**

| Број | Име и презиме на кандидатот | Име на здружението / фондацијата што предлага кандидат | Биографија и Мотивациско писмо |
|---|---|---|---|
| **1. Развој на граѓанскиот сектор** | | | |
| 32-19/1 | Фани Каранфилова Пановска | Фондација Отворено општество- Македонија Скопје | Погледни тука |
| **2. Демократија и владеење на правото** | | | |
| 32-21/1 | Снежана Камиловска Трповска | Македонски центар за меѓународна соработка Скопје | Погледни тука |
| 32-35/1 | Небојша Захариески | Организација Младинска Алијанса Тетово | Погледни тука |
| **3. Промоција и заштита на човековите права и антидискриминација** | | | |
| 32-27/1 | Уранија Пировска | Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје | Погледни тука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4. Економски и одржлив развој** | | | |
| 32-25/1 | Виктор Митевски | Здружение за истражување и анализи – ЗМАИ Скопје | Погледни тука |
| 32-32/1 | Никица Кусиникова | Здружение Конект Скопје | Погледни тука |
| **5. Наука, образование и доживотно учење** | | | |
| 32-12/1 | Катерина Митковска | Здружение на просветни работници на Град Скопје, Скопје | Погледни тука |
| 32-20/1 | Сузана Киранџиска | Фондација за образовни и културни иницијативи ЧЕКОР ПО ЧЕКОР Скопје | Погледни тука |
| 32-23/1 | Драгица Костадиновска | Здружение Мултиетничка организација за интернационални култури Мозаик-Меик Скопје | Погледни тука |
| 32-30/1 | Димитар Низамовски | Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје | Погледни тука |
| **6. Млади** | | | |
| 32-33/1 | Зоран Илиески | Коалиција на младински организации Сега Прилеп | Погледни тука |
| **7. Социјална заштита и заштита на деца** | | | |
| 32-15/1 | Јасминка Фришчиќ | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, Скопје | Погледни тука |
| **8. Заштита на маргинализираните лица** | | | |
| 32-14/1 | Далиборка Златева | Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености Велес | Погледни тука |
| 32-18/1 | Наташа Бошкова | Коалиција сексуални и здравствени право на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје | Погледни тука |
| **9. Родова еднаквост** | | | |
| 32-24/1 | Дороти Пачкова | Здружение за родова еднаквост ЕДНА МОЖЕ Скопје | Погледни тука |
| 32-26/1 | Татјана Стоименовска | Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје | Погледни тука |
| **10. Заштита на здравјето** | | | |
| 32-28/1 | Андреј Сених | Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје | Погледни тука |
| **11. Земјоделство и рурален развој** | | | |
| 32-34/1 | Несим Велиу | Здружение на граѓани Центар за развој на земјоделие ЕКО ПРОДУКТ Тетово | Погледни тука |
| **12. Култура** | | | |
| 32-10/1 | Христо Петрески | Фондација за културна и научна афирмација и презентација Македонија презент - Скопје | Погледни тука |
| 32-31/1 | Тијана Ана Спасовска | Јадро Асоцијација на независната | Погледни тука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | културна сцена Скопје | |
| **13. Медиуми и информатичко општество** | | | |
| | Пријавениот кандидат има некомплетна документација | | |
| **14. Заштита на животната средина** | | | |
| 32-17/1 | Слаѓана Стаменкова | Здружение на граѓани за заштита на животната средина ЕКОЗВОН Скопје | Погледни тука |
| **15. Спорт** | | | |
| | Нема пријавени кандидати | | |
| **16. ЕУ интеграции и политики** | | | |
| 32-22/1 | Оливер Ромевски | Здружение на граѓани МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје | Погледни тука |

За неважечки ќе се сметаат гласовите на организациите што не се **активни** согласно тековната состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, како и гласовите на организациите кои гласале во област на дејствување што не е предвидена во нивниот статут.

**Рокот за гласање е до 29 април 2021 година**.

Пополнетиот **образец за гласање потпишан од застапникот на организацијата и заверен со нејзиниот печат,** со копија од **тековна состојба** од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, треба да се достават преку пошта, на адреса:

Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации
бул. "Илинден" бр.2
1000 Скопје
со назнака: „Поддршка на кандидат за член во Советот".

или **скенирани** да се доставаат по електронски пат на адреса: nvosorabotka@gs.gov.mk.

Во рок од 8 дена по завршувањето на гласањето, Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk ќе објави Листа на кандидати според бројот на добиени гласови за секоја од областите на дејствување.

Доколку за некоја од областите на дејствување не се пријават кандидати или ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува пропишаните услови, повторно ќе биде распишан јавен повик за избор на член на Советот од редот на здруженијата и фондациите, само за таа област на дејствување.

Во случај кога има два или повеќе прворангирани кандидати, гласањето ќе се повтори само во таа област најдоцна 15 дена од објавувањето на Листата на кандидати.